**20200100204**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Се прогласува Законот за младинско учество и младински политики,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2020 година.

Бр. 08-327/1
14 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Глава I.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на законот**

Член 1

Предмет на уредување на овој закон се формите на младинско организирање, учество на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив, стратешките документи на национално и локално ниво, активностите и мерките кои ги преземаат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активности поврзани со и за млади.

**Цел на законот**

Член 2

Цел на овој закон е да обезбеди:

1) креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;

2) зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;

3) промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики;

4) поддршка и унапредување на младинското организирање;

5) поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;

6) поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и

7) поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

**Дефиниции**

Член 3

Одредени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „млади“ се лица на возраст од 15 до 29 години;

2) „младинска политика“ е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал;

3) „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите;

4) „младинска работа“ претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата;

5) „младински работници“ се квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој преку неформално и информално учење.

Член 4

Изразите, употребени во овој закон кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

Член 5

(1) Основни начела на кои се заснова овој закон се начелото на:

1) еднаквост, еднакви можности и забрана од дискриминација;

2) независност, плурализам и демократија во сите форми на младинското организирање;

3) транспарентност и јавност;

4) унапредување на свеста за значењето на младите и нивната општествена улога;

5) мултикултурализмот, интеркултурализмот и инклузивност во активното учество на младите;

6) меѓуетничка вклученост и поврзаност на младинско организирање и водење на младински јавни политики;

7) одговорност и солидарност кај младите и

8) меѓуинституционална соработка во креирање и спроведување на младински политики.

(2) Сите форми на младинско организирање, како и органите на државната управа, во постапувањето и активностите кои се однесуваат на младите ќе се придржуваат до начелата од ставот (1) на овој член.

Глава II.

ФОРМИ НА МЛАДИНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Младинска организација**

Член 6

Младинска организација е секоја организација која е регистрирана согласно со Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Организација за млади**

Член 7

Организација за млади е секоја регистрирана организација согласно со Законот за здруженија и фондации, која не е водена од млади или е подмладок на политичка партија, младинска секција во синдикат организирана како дел од друг правен субјект, чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Младински чадор организации**

Член 8

(1) Младински чадор организации се организации во кои членуваат формите на младинско организирање кои се обединуваат поради остварување на заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

(2) Младинска чадор организација треба да:

- има најмалку десет членки од најмалку пет плански региони на Република Северна Македонија,
- има две третини млади во највисокиот орган на управување и
- да биде регистрирана согласно со Законот за здруженија и фондации.

(3) Младинска чадор организација има свој статут.

Член 9

Младинските чадор организации може да:

- учествуваат во процесот на креирање закони, документи за политики и други стратешки документи од областа во која делуваат,
- учествуваат во спроведување, следење и оцена на политиките за млади во областите во кои делуваат,
- поддржуваат младинско организирање и здружување во Република Северна Македонија,
- ги застапуваат заедничките цели во посебните области во кои делуваат од интерес на младите,
- предлагаат мерки кон носителите на одлуки во областите во кои делуваат,
- спроведуваат анализи и истражувања во однос на развојот на младите во општеството и
- спроведуваат активности овозможени со овој закон, други подзаконски акти и Статутот на организацијата.

**Национално собрание на млади**

Член 10

(1) Националното собрание на млади претставува тело на формите на младинско организирање кое врши избор на младински претставници во советодавното тело, креира приоритети и политики за застапување на младинските претставници и ја координира и следи нивната работа (во натамошниот текст: собрание на млади).

(2) Собранието на млади својата работа ја уредува со деловник.

Член 11

(1) Собранието на млади го свикува иницијативен одбор од најмалку две третини од формите на младинско организирање од Регистарот.

(2) Иницијативниот одбор има обврска задолжително да ги извести сите форми на младинско организирање од Регистарот за одржување на седниците на собранието на млади.

(3) Собранието на млади се одржува најмалку еднаш годишно.

(4) По барање на една третина од формите на младинско организирање од Регистарот или по барање на две третини од младинските претставници се свикува седница на собранието на млади.

(5) Оперативните трошоци за организирање на собранијата по претходно доставен финансиски план, се финансираат од обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија од надлежниот орган на државната управа надлежен за работите од областа на младите.

Член 12

Делокругот на работа на собранието на млади се состои од:

- избор на младински претставници во советодавното тело,
- креирање на политики и приоритети,
- следење на работата на младинските претставници,
- разгледување на извештаи од младинските претставници и
- други активности согласно со овој закон и деловник.

Глава III.

РЕГИСТАР НА ФОРМИ НА МЛАДИНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Член 13

(1) Регистарот на младински организации и организации за млади го води Агенцијата за млади и спорт.

(2) При уписот во регистарот од ставот (1) на овој член, организациите се должни до Агенцијата за млади и спорт да достават:

- барање за упис во регистарот,
- решение за извршен упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со кое се потврдува дека организацијата е основана најмалку една година,
- тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци со која се докажува активен статус на организациите,
- статутот на организацијата,
- програма за работа на организацијата,

- годишен извештај на активности од областа на млади,
- вкупен број на членови на организацијата и
- број на членови од 15 до 29 години.

(3) За организациите за млади од членот 7 од овој закон, не се бараат документите од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член.

(4) Агенцијата за млади и спорт донесува решение за упис во рок од 15 дена од денот на прием на барањето за упис во регистарот.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот ги пропишува Агенцијата за млади и спорт.

(6) Агенцијата за млади и спорт го ажурира регистарот од ставот (1) на овој член, најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.

(7) Регистарот е јавен и е достапен на веб - страницата на Агенцијата за млади и спорт.

## Глава IV.

## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

### **Национално советодавно тело за младински политики**

Член 14

(1) Националното советодавно тело за младински политики (во натамошниот текст: советодавно тело), е тело за соработка помеѓу младински претставници и претставници на органите на државната управа кое има советодавна и надзорна улога при спроведувањето на младинските политики и активностите за млади.

(2) Советодавното тело се формира со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

(3) Советодавно тело е составено од претставници именувани од органите на државната управа, но не повеќе од осум членови и девет младински претставници избрани од Националното собрание на млади, од кои еден е претседател.

(4) Членовите именувани од органите на државната управа имаат мандат од две години со право на уште еден избор. Младинските претставници избрани од претставничкото тело имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

(5) Советодавно тело има деловник за работа.

(6) Административна, финансиска и логистичка поддршка за работата на советодавното тело обезбедува Владата на Република Северна Македонија.

Член 15

(1) Националното советодавно тело за младински политики од членот 14 од овој закон, ги има следниве надлежности:

- дава мислење и препораки за спроведување на прописите и младинските политики,
- дава мислење за Националната стратегија за млади и за акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за млади,
- дава мислење за буџетските средства наменети за млади како и предлози, мислења и препораки за финансирањето на активности поврзани со млади,
- иницира разгледување на прашања за млади до Владата и Собранието на Република Северна Македонија,
- предлага воспоставување на механизми за оценување на младинското учество и остварување на младинските интереси во општествениот живот,

- објавува извештаи (тематски и периодични) за правата, можностите и потребите на младите во Република Северна Македонија,
- ги следи препораките на Европската Унија за млади и се застапува за подобрување на политиките за млади,
- организира настани и консултации за својата работа со младински организации и млади и
- врши други работи поврзани со младите и нивните интереси, согласно со овој закон и деловникот за работа од членот 14 став (5) од овој закон.

Глава V.

ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

**Формирање на локални младински совети**

Член 16

(1) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на локални младински совети.

(2) Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје од делокругот на младински прашања и политики.

(3) Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:
- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со овој закон.

(4) Бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје но не може да биде помалку од пет лица.

(5) Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

**Локално собрание на млади**

Член 17

(1) За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од формите наведени во ставот (4) на овој член.

(2) Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје по принципот на транспарентност и јавност.

(3) Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

(4) Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

(5) Формите на организирање и здружување од ставот (4) на овој член не мора да бидат регистрирани во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, но мора да имаат активности на територијата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во чие што Собрание членуваат.

(6) Формите на организирање кои членуваат во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик - делегат.

(7) Делегатот и заменик - делегатот од ставот (6) на овој член се жители на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на возраст од 15 до 29 години.

**Избор на членови на локален младински совет**

Член 18

(1) Собранието на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет.

(2) Јавниот повик се објавува на веб - страницата на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

(4) За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

(5) Членовите на локалните младински совети општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се верификуваат од страна на Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(6) Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик - претседател.

Глава VI.

ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ

**Национална стратегија за млади**

Член 19

(1) Национална стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

(2) Националната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на Националната стратегија за млади.

(3) Националната стратегија за млади ја донесува Владата на Република Северна Македонија за период од пет години.

(4) Националната стратегија за млади ја изработува Агенцијата за млади и спорт низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес и по претходно прибавено мислење од советодавно тело за млади и ја доставува до Владата на Република Северна Македонија.

(5) Акциските планови за Националната стратегија за млади се изработуваат од Агенцијата за млади и спорт по претходно прибавено мислење од Националното советодавно тело за млади и ги доставува до Владата на Република Северна Македонија за период од една до три години и за нив поднесува буџет за реализација.

(6) Акциските планови ги донесува Владата на Република Северна Македонија.

(7) Националната стратегија за млади се спроведува со финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

(8) Владата на Република Северна Македонија подготвува годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за млади и акцискиот план кој се разгледува на Собрание Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.

**Локална стратегија за млади**

Член 20

(1) Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

(2) Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади.

(3) Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за период од пет години.

(4) Локалната стратегија за млади се изработува од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во соработка со локалниот совет на млади.

(5) Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во соработка со локалниот совет на млади, а ги донесува советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација.

(6) Локалната стратегија за млади се спроведува со буџетски средства од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје

Глава VII.

СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ

**Канцеларија за млади**

Член 21

Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје формираат канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

**Младински центар**

Член 22

(1) Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

(2) За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

(3) Младинските центри се основаат во соработка меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и младинските форми на организирање регулирани во овој закон.

**Службеник за млади**

Член 23

(1) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

(2) Службениците за млади од ставот (1) на овој член изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб - страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Контакт информациите за службениците за млади од ставот (1) на овој член се јавно достапни преку гласилата на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 24

Агенцијата за млади и спорт воспоставува истражувачки центар за различни теми поврзани со младите.

Глава VIII.

ФИНАНСИРАЊЕ

Член 25

(1) За спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%.

(2) Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Глава IX.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

(1) Подзаконските прописи со кој се регулира формата, содржината и начинот на водење на регистарот, утврдени со овој закон Агенцијата за млади и спорт ќе ги донесе во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Агенцијата за млади и спорт во рок од 30 дена од донесувањето на подзаконски акт од ставот (1) на овој член го воспоставува регистарот на форми на младинско организирање.

(3) Владата на Република Северна Македонија во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, донесува Национална стратегија за млади согласно со одредбите од овој закон.

(4) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје формираат канцеларија за млади најдоцна во рок од една година дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(5) Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон определуваат службеник за млади.

(6) Во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, се формираат локални младински совети согласно со одредбите од овој закон, а постоечките локални младински совети на кои мандатот не им е истечен, се трансформираат согласно со одредбите од овој закон.

(7) Во рок од пет години од влегувањето во сила на овој закон секоја општина треба да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на општината.

(8) Во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон се воспоставува истражувачки центар за различни теми поврзани со младите во рамките на Агенцијата за млади и спорт.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.